## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Магнезиум сулфат 35% најчесто се препорачува за примена во фазата на цветање, на формирање и на зреење на плодовите, кога се јавуваат и најголемите потреби. Магнезиум сулфат 35% покрај тоа што ги обезбедува растенијата со магнезиум, истовремено ги задоволува потребите и од сулфур, кој претставува уште еден битен макрохранлив елемент неопходен за правилна исхрана на растенијата, особено кај зелкастите култури.

Кај поголем број култури, а особено кај повеќегодишните, со Магнезиум сулфат 35% може да се спречи појавата на физиолошкото нарушување познато како хлороза, што резултира со правилен развој на растенијата, односно со давање стабилни и квалитетни приноси. Се препорачува Магнезиум сулфат 35% да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 4 апликации на 7-10 дена | 6 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетација или формирање на плодови | 2 апликации | 4 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Заврзување и пораст на плод-зрно* | 4 апликации на 7-10 дена | 6 l ѓубриво со најмалку 4500 l вода |

* Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 3-4 апликации на 10-14 дена | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетација или формирање на плодови | 2 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 3-4 апликации на 10-14 дена | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од folijarnata апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Во растворите за фертиригација може да се меша со повеќето ѓубрива, освен со оние ѓубрива коишто содржат калциум. Може да се меша и со повеќето пестициди поради ниската pH, при што прво се раствораат пестицидите, па потоа со мешање се додава ѓубривото, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Магнезиум (Mg) | (3,4 ± 0,1) % |
| Сулфур (S) | (4,5 ± 0,1) % |
| $MgSO_4 \cdot 7\ H_2O$ | (35,0 ± 1,0) % |